

**Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе претставиме дел од „Библискиот речник“, преку имињата, зборовите, изразите, називите, лексикографските термини...: од Павле (Савле) - апостолот и мисионерот, чии посланија го сочинуваат најголемиот дел од НЗ, до Песната над песните, која е книга од СЗ и претставува збирка на 250 лирски песни**

**Павле (Савле)** - апостол и мисионер, чии посланија го сочинуваат најголемиот дел од НЗ. Роден е во Тарс, се школувал кај равинот Гамалил. Бил фарисеј и ги прогонувал христијаните и присуствувал на каменувањето на Стефан. Кога бил на пат за Дамаск, каде одел да ги уапси тамошните христијани, видел блескава светлина и Го слушнал Исус Христос како му вели: ,,Савле, Савле, зошто Ме прогонуваш?" После тоа ослепел и бил одведен во Дамаск. Таму Бог го пратил Ананија, да му помогне. Откако му се повратил видот, Павле се крстил. И така одненадеж почнал да го проповеда она што доскоро го прогонувал. Кога Евреите сковале план да го убијат, отишол во Ерусалим. Тамошните христијани знаејќи за неговите прогонства, се плашеле од него, но Варнава го претставил пред другите апостоли. Потоа Павле се вратил во Тарс. После неколку години, Варнава го зел со себе да и помогнат на црковната заедница во Антиохија и Сирија. Подоцна двајцата биле пратени прво на Кипар, па во Мала Азија, каде го ширеле Евангелието. После посетата на Кипар, за него се зборува како за Павле. Им помогнал на еврејските христијани во Ерусалим да разберат дека Исус е Спасител за сите народи, а не само за Евреите. На второто мисионерско патување Павле го зел за помошник Сила. Ги посетиле христијаните во Галатија. Во Листра им се придружил Тимотеј како втор помошник. Од Троја отпловила за Грција, каде им се придружил и Лука, авторот на едно од Евангелијата и Делата апостолски. Основале христијанска општина во местото

Филипи, но Павле и Сила биле претепани и фрлени во затвор. После тоа отпатувале преку античка Грција. Павле проповедал и во Атина, а во Коринт поминал 18 месеци. Потоа се вратил во Ерусалим со прилози од Грција и Мала Азија за сиромашните христијани. Некое време поминал иво Сирија. Потоа повторно тргнал за Ефес, Скоро три години им проповедал на Евреите и Грците. После повторната посета на Коринт, се вратил во Ерусалим, каде го уапсиле и го пратиле со Кесарија, за да му суди римскиот прокуратор Феликс. Чекајќи на сослушување во затвор поминал две години. Дотогаш Феликс бил заменет од Фест. Павле како римски граѓанин се повикал на цезарот (кесарот) и бил пратен во Рим на судење. На патот бродот со кој пловел претрпел бродолом недалеку од Малта, но сите патници устеале да се извлечат. Кога стасале во Рим, Павле поминал во куќен притвор две години. После судењето веројатно е ослободен и можеби после тоа проповедал во Шпанија. По второто затворање, Павле бил погубен од царот Нсрон во Рим во 67 г. (Дап 7,58, 9-28 и Посланијата на апостол Павле). Оставил силен впечаток врз христијанството, одиграл огромна улога во ширењето на Евангелието и основањето на христијански заедници, ширум Средоземјето. Има некои индикации, кои не се потврдени, дека Павле бил и во нашите краишта.

**Падот Адамов (Првороден грев)** - Адам и Ева згрешија пред Господ прекршувајќи ја Неговата заловед да не јадат од дрвото на спознавањето на доброто и злото во Рајот. Преку нив гревот влезе во човештвото, па сите нивни потомци се раѓаат грешни (1 Мој 2-5; Рим 3,23).


Lebanon
Mediterranean Sea
Golan
Heights
Syria
Palestine
West
Bank
Jordan
Ramallah
Jerusalem
Gaza
Gaza Strip
Dead
Sea
Israel
Egypt


The Ancient Near E
in 540 BC
THRACE
SCYTHIA
Sardis
Miletus
LYDIA
ARMENIA
BACTRIA
PARTHIA
Nineveh
Sidon
Tyre
PHOENICIA
ASSYRIA
PERSIAN EMPIRE
JUDAH
Ectabana
GANDHARA
Opis
NEO-
BABYLONIAN
EMPIRE
MEMPHIS
Jerusalem
BABYLON
MEDIA
MESOPOTAMIA
Susa
PERSIA
Uruk
EGYPT
PASARGADAE
Persepolis
ARABIA
Taima
Thebes



**ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**